Предлагачи: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Скопје, јуни 2017 година

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 09. 06 2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Организ. ед. | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 1541/1 | | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 71 став 1 од Уставот на Република Македонија и членовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување на Законот за работните односи.

ПРАТЕНИЦИ:

Нола Исмајлоска Старова ____________

Магдалена Манаскова ____________

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА НЕГОВО ДОНЕСУВАЊЕ

Измените на ова законско решение ги поднесуваме како поддршка на граѓанската иницијатива за продолжување на породилното отсуство, која беше доставена од страна на овластен предлагач во Собранието на Република Македонија, но за жал оваа иницијатива беше отфрлена како неуредна од страна на парламентарното мнозинство, се што се пропушти можноста за дебата преку јавна расправа. Доколку политичките партии во Собранието имаат волја да се продолжи породилното отсуство, тогаш лесно ќе изнајдеме решение и ќе покажеме дека техничките грешки не смеат да претставуваат основа за неприфаќање на иницијатива со која граѓаните се обраќаат до нас самите како нивни претставници.

Имено како предлагачи на Предлог законот за изменување на Законот за работните односи во целост се согласуваме со делот од текстот од граѓанската иницијатива:

„Подносителите на таа иницијатива сметаат дека состојбата со која се соочува секоја мајка е иста, периодот на породилното отсуство е недоволен за се создаде здрав психофизички развој на бебето. Со измената на Законот за работните односи, односно со продолжување на периодот на породилното отсуство ќе се решат многу проблеми со кои се сретнуваат мајките. Имено, сметаат дека погрешно е да се гледа на градинките како место број еден во растењето на децата. Дополнително, дел од мајките се обраќаат за помош кај свои блиски роднини или пријатели, или пак ангажираат дадилки, но не сите може да си го дозволат тоа. Затоа многу се приморани да ја одберат градинката. Често таму ги пресретнува полна воспитална каде е невозможно една или две воспитувачки да се посветат на бебето.

Факт е дека за зголемување на наталитетот на државата не се потребни само добра волја и ентузијазам потребни се и конкретни средства за тоа да се спроведе на дело. Ако земеме колку во просек чини дете состојбата со иницијативата ќе стане појасна. Огромен проблем со кој секојдневно се соочуваат мајките кои ги оставаат децата на несоодветна возраст во градиниките е болна разделба. Со продолжување на периодот на породилното отсуство илјадници деца ќе бидат среќни и ќе растат со чувство на сигурност и илјадници мајки ќе бидат благодарни зошто државата застанала позади нив и позади здравјето на нивните деца. Важно е да се напомене дека за проблемот кој го имаат жените - мајки кои заминуваат на патолошка бременост, по раѓањето на своето бебе имаат само 6 до 7 месеци да поминат со него пред да се вратат на своето работно место.

Уште еден проблем со кој се соочуват мајките е доењето. Паузата која законски им следува од час и половина најчесто не е доволна бидеќи повеќето живееме барем половина час одалени од своето работно место. Затоа со прифаќање на овој предлог на закон ќе се зголеми должината на породилното отсуство за 18 месеци при што паузата од час и половина за мајката родилка веќе нема да биде потребна“.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ

Основна цел заради која се предлага донесувањето на овој закон е пред се заштита на психофизичкото здравје на бебињата, со продолжувањето на породилното отсуство од 9 на 18 месеци ќе се овозможи неопходен правилен раст и развој на бебињата.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на законот ќе предизвикува финансиски импликации врз Буџетот, поради промена на должината на траење на породилното отсуство.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на оваа измена на Законот ќе бидат потребни 1. 845.000.000 денари дополнителни средства од Буџетот на Република Македонија.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

## Член 1

Во Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ број 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15 и 27/16) во член 165 ставот (1) се менува и гласи:

„Работничка за време на бременост, раѓање и родителство има право на платено отсуство од работа во траење од 18 месеци непрекинато, а истото се однесува доколку роди повеќе деца одеднаш (близнаци, тројка и повеќе).“

## Член 2

Насловот пред член 171 „Право на мајката доилка“ и членот 171 се бришат.

## Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ

Содржината на Предлог законот се состои од три членови.

Со членот 1 се предлага во членот 165 став 1 породилното отсуство од 9 да се зголеми на 18 месеци, период кој е неопходен за правилен раст и развој на бебето по пат на доење и период кој ќе овозможи на мајките да се посветат подолго време во грижата на своите бебиња.

Во членот 2 се предлага бришење на членот 171 со оглед на тоа што со продолжување на породилното отсуство, би се решил проблемот со паузите за доење на бебињата кој е содржан во овој закон.

Со членот 3 се предлага овој закон да влезе во сила осмиот ден на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите се меѓусебно поврзани и чинат една правна целина.

## III.ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Од овие одредби во Предлог Законот за изменување на Законот за работните ќе се овозможи продолжување на породилното отсуство од 9 на 18 месеци.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ КОИ СЕ МЕНУВААТ

**Отсуство од работа поради бременост, раѓање и родителство**

Член 165

(1) Работничка за време на бременост, раѓање и родителство има право на платено отсуство од работа во траење од девет месеца непрекинато, а доколку роди повеќе деца одеднаш (близнаци, тројка и повеќе) 15 месеци.

(2) Врз основа на наод од надлежниот здравствен орган, работничката може да го започне отсуството за бременост, раѓање и родителство 45 дена пред раѓањето, а задолжително 28 дена пред раѓање.

(3) Доколку работничката се породи порано од рокот утврден во ставот (2) на овој член, отсуството за бременост и раѓање започнува да го користи од денот на раѓање на детето до истекот на рокот од ставот (1) на овој член.

(4) Доколку од здравствени причини детето е задржано за нега или лекување во здравствена установа и доколку во меѓувреме мајката или таткото се вратат на работа, отсуството поради раѓање и родителство се прекинува и истото имаат право да го искористат неискористениот дел од отсуството од ставот (1) на овој член.

(5) Работникот е должен на работодавачот да му го најави времето на започнувањето на користењето и времето на завршување на родителското отсуство 30 дена пред започнувањето, односно пред завршувањето на користењето на правото на родителско отсуство.

(6) Работничка која посвојува дете има право на отсуство до наполнување на деветмесечна возраст на детето, а доколку посвоила повеќе деца (две или повеќе) 15 месеци.

(7) Работничка која посвојува дете има право на платено отсуство за времетраењето на периодот на адаптацијата на детето, согласно со прописите за семејството.

**Право на мајката доилка**

Член 171

Работничката која го дои детето и по изминувањето на отсуството поради бременост, раѓање и родителство, ќе започне да работи со полно работно време, има право на платена пауза во текот на работното време, во траење од еден и пол час дневно, во кое време се засметува и дневната пауза. Тоа право го има работничката до наполнета една година возраст на детето.